ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ

# ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА
# ЗА 2021 ГОДИНА

*СКОПЈЕ,*

*Декември, 2020 година*

# В О В Е Д

Јавното претпријатие Колекторски систем е основано со Одлука на Влада за основање на Јавно претпријатие „Колекторски систем“ (Сл. Весник на РМ бр. 242/18) заради вршење на јавна дејност од јавен интерес – комунална дејност од областа на заштита на животната средина, односно собирање, одведување и прочистување на отпадни води преку канализациони системи со пречистителни станици и нивно испуштање во реципиент за заштита на Охридското езеро.

Предвидените инвестициони вложувања за 2021 година на ЈП „Колекторски систем“ се во насока на продолжување со санацијата на колекторскиот систем кој долг период воопшто не беше одржуван, како и планирани набавки на постојани средства од типот на лесни и тешки моторни возила, опрема и средства за работа кои ќе бидат во функција на зголемување на ефикасноста на колекторскиот систем и заштита на Охридското езеро.

Реализацијата на Инвестиционата програма за 2021 година ќе зависи најпрво од финансиските средства кои ќе се обезбедат како приходи од вршење на примарната дејност на претпријатието, односно од фактурираните и наплатени сметки за користење на услугите за одведување и прочистување на отпадни води; а потоа и од висината на средствата добиени од страна на Владата, односно Буџетот на Република Северна Македонија.

Потребата од буџетски средства е неопходна за продолжување на санацијата на запоставениот колекторски систем на Охридското езеро и е во согласност со препораките на УНЕСКО кои што се зададени согласно 139-тата седница на Влада на Република Северна Македонија одржана на 11.06.2019 година.

Со оглед на фактот дека и покрај потешкотиите со кои претпријатието се соочи во тековната година како резултат на ситуацијата со глобалната пандемија, и ќе ја заврши 2020 година со позитивен финансиски резултат, очекувањата се насочени кон висок процент на реализација на Инвестиционата програма во 2021 година.

# РЕАЛИЗИРАНИ ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ЗА 2020 ГОДИНА

| Ред. Бр. | Планирани инвестициони активности и вложувања за 2021 година | Инвестирани средства (без ДДВ) | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| **I** | ***Инвестициони одржувања на сопствени средства*** | **257.554.057** | Буџет на Р.С. Македонија |
| **1.** | Санација на колекторскиот систем | 257.554.057 | - |
| **II** | ***Нови инвестиции*** | **1.885.465** | Сопствени средства |
| | ***Инвестиции во постојани средства*** | | |
| **1.** | Набавка на хардверска опрема и резервни делови за компјутери | 1.885.465 | - |
| | **В К У П Н О (I+II)** | **259.439.522** | **-** |

*Табела бр.1 Реализирани инвестиции во 2020 година*

Во текот на 2020 година главниот акцент во делот на инвестициските активности беше ставен на отпочнувањето со санацијата на колекторскиот систем. Во рамките на овој проект се извршија низа активности:

- CIPP санација
  - Високопритисочно хидродинамично чистење на канализацискиот цевковод;
  - Високопритисочно хидродинамично чистење на ревизионите окна;
  - Извлекување на отпадниот материјал и отстранување на истиот;
  - Воспоставување и одржување на бајпас со цел спуштање и одржување на нивото на отпадната вода во канализациските колектори;
  - Санација на канализацискиот цевковод без ископување со употреба на CIPP метода;
  - Санација на споевите на директните приклучоци на колекторот со примена на top-hat технологија.

- Санација на спирални пумпни станици
  - Ремонт на редуктори на спиралните пумпни станици;
  - Работи за демонтажа на редукторите;
  - Машинска обработка на елементите на редукторот;
  - Заварување и обработка на оштетените елементи на редукторот;
  - Склопување, монтажа и пуштање во употреба на редукторот;
  - Работи за демонтажа на горниот и долниот дел на спиралите, поправка и обработка на главната осовина на спиралата, замена на лежиштата и повторно пуштање во употреба;

- Чистење на секундарна мрежа Охрид и Струга
  - Високопритисочно хидродинамично чистење на канализацискиот цевковод и ревизионите окна со употреба на специјално комбинирано возило со canal-jet техника;
  - Извлекување на отпадниот материјал кој што е создаден со чистењето на канализацијата и ревизионите окна.

Покрај санацијата, со цел работата да се одвива непречено и да се извршуваат тековните работни потреби , претпријатието инвестираше во набавка на хардверска опрема, резервни делови за компјутери, како и набавка на софтверска апликација .

## ПРЕДВИДЕНИ ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ЗА 2021 ГОДИНА

Во текот на 2021 година предвидените инвестициони активности на ЈП Колекторски систем се состојат од:

- Инвестициони одржувања во сопствени средства
- Нови инвестиции во постојани средства
- Инвестиции во истражувања кои ќе претставуваат основа за понатамошни инвестициски активности во енергетска ефикасност, автоматизација на процесот (СКАДА систем), а во насока на подобрување на функционалноста на истиот.

Распределбата на планираните инвестициони активности, предвидените средства за истите, како и изворите од кои ќе се обезбедат финансиските средства е детално претставена во Табела бр.2.

| Ред. Бр. | Планирани инвестициони активности и вложувања за 2021 година | Предвидени средства (без ддв) | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| I | ***Инвестициони одржувања на сопствени средства*** | **135.000.000** | **-** |
| **1.** | **Санација на колекторскиот систем** | **132.000.000** | Буџет на Р.С. Македонија |
| 1.1 | ▪ Отстранување на инфилтрација | 40.000.000 | |
| 1.2 | ▪ Подобрување на енергетската ефикасност | 25.000.000 | |
| 1.3 | ▪ Автоматизација на процесот (SCADA систем) | 10.000.000 | |
| 1.4 | ▪ Репарација на полжни пумпи | 25.000.000 | |
| 1.5 | ▪ Санација на базени | 15.000.000 | |
| 1.6 | ▪ Санација на пречистителна станица | 17.000.000 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | Доградба на работни простории | 2.000.000 | Сопствени средства |
| **3.** | Санација на кровни површини на препумпни станици и чуварски куќи | 1.000.000 | Сопствени средства |
| **II** | ***Нови инвестиции*** <br> ***Инвестиции во постојани средства*** | **11.000.000** | **-** |
| **1.** | Набавка на лесни возила – пикапи | 4.000.000 | Сопствени средства |
| **2.** | Набавка на тешки товарни возила | 3.000.000 | Сопствени средства |
| **3.** | Набавка на пумпи | 4.000.000 | Сопствени средства |
| **III** | ***Инвестиции во истражувања за зголемена енергетска ефикасност и автоматизација на процесот*** | **3.000.000** | - |
| **1.** | Изработка на елаборати за животна средина | 1.500.000 | Сопствени средства |
| **2.** | Изработка на проекти за отпадни води | 1.500.000 | Сопствени средства |
| | **В К У П Н О (I+II+III)** | **149.000.000** | **-** |

*Табела бр.2 Планирани инвестициони активности и вложувања за 2021 година*

Во табелата бр.3 се претставени планираните инвестициони активности и нивната реализација по квартали.

| **Ред. Бр.** | **Планирани инвестициони активности и вложувања за 2021 година** | **ТРОМЕСЕЧЈЕ** | | | | **ВКУПНО (МКД)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **I** | **II** | **III** | **IV** | |
| **I** | ***Инвестициони одржувања на сопствени средства*** | **60.000.000** | **1.000.000** | **32.000.000** | **42.000.000** | **135.000.000** |
| **1.** | **Санација на колекторскиот систем** | **60.000.000** | **-** | **30.000.000** | **42.000.000** | **132.000.000** |
| 1.1 | Отстранување на инфилтрација | 18.000.000 | - | 8.000.000 | 14.000.000 | 40.000.000 |
| 1.2 | Подобрување на енергетската ефикасност | 11.000.000 | - | 6.000.000 | 8.000.000 | 25.000.000 |
| 1.3 | Автоматизација на процесот (SCADA систем) | 4.500.000 | - | 2.000.000 | 3.500.000 | 10.000.000 |
| 1.4 | Репарација на полжни пумпи | 11.500.000 | - | 6.000.000 | 7.500.000 | 25.000.000 |
| 1.5 | Санација на базени | 6.600.000 | - | 3.400.000 | 5.000.000 | 15.000.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.6 | Санација на пречистителна станица | 8.400.000 | - | 4.600.000 | 4.000.000 | 17.000.000 |
| **2.** | **Доградба на работни простории** | **-** | **-** | **2.000.000** | **-** | **2.000.000** |
| **3.** | **Санација на кровни површини на препумпни станици и чуварски куќи** | **-** | **1.000.000** | **-** | **-** | **1.000.000** |
| **II** | ***Нови инвестиции*** <br> ***Инвестиции во постојани средства*** | **-** | **4.000.000** | **2.000.000** | **5.000.000** | **11.000.000** |
| **1.** | Набавка на лесни возила – пикапи | - | 2.000.000 | - | 2.000.000 | 4.000.000 |
| **2.** | Набавка на тешки товарни возила | - | - | 1.000.000 | 2.000.000 | 3.000.000 |
| **3.** | Набавка на пумпи | - | 2.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 4.000.000 |
| **III** | ***Инвестиции во истражувања за зголемена енергетска ефикасност и автоматизација на процесот*** | **3.000.000** | **-** | **-** | **-** | **3.000.000** |
| **1.** | Изработка на елаборати за животна средина | 1.500.000 | - | - | - | 1.500.000 |
| **2.** | Изработка на проекти за отпадни води | 1.500.000 | - | - | - | 1.500.000 |
| | **В К У П Н О** | **63.000.000** | **5.000.000** | **34.000.000** | **47.000.000** | **149.000.000** |

*Табела бр.3 Планирани инвестициони активности и реализација по квартали*

## Р Е К А П И Т У Л А Р

| **Ред. бр.** | **ПЛАНИРАНА ИНВЕСТИЦИОНА АКТИВНОСТ** | **ИЗНОС (без ддв)** |
|---|---|---|
| **1.** | Инвестициони одржувања на сопствени средства | **135.000.000** |
| **2.** | Нови инвестиции – Инвестиции во постојани средства | **11.000.000** |
| **3.** | Инвестиции во истражувања за зголемена енергетска ефикасност и автоматизација на процесот | **3.000.000** |
| | **В К У П Н О** | **149.000.000** |

## ОПИС НА ИНВЕСТИЦИОНАТА АКТИВНОСТ

- Санација на колекторскиот систем – работните активности кои беа опфатени со санацијата на колекторскиот систем во тековната 2020 година, предвидено е да продолжат и во наредната, така што се уште го имаат главниот приоритет и фокус при планирањето на инвестициските активности на претпријатието. Во 2021 година акцентот ќе се стави на отстранување на инфилтрацијата, подобрување на енергетската ефикасност, автоматизација на целиот процес преку имплементација на SCADA системот, репарација на полжните пумпи, санација на базените, санација на пречистителните станици итн.
  Земајќи ја предвид комплексноста и сложеноста на процесот, неопходна е помошта од Буџетот на Р.С. Македонија во насока на целосно комплетирање на овој процес.

- Доградба на работни простории – 2.000.000 денари за доградба и подготвување на работни простории во сопственост на претпријатието кои ќе бидат ставени во употреба поради зголемениот обем на работа и надлежности.

- Санација на кровни површини на препумпни станици и чуварски куќи - Одржувањето на препумпните станици треба да биде еден од приоритетите при планирањето на идните активности и во таа насока предвидени се средства во висина од 1.000.000 денари за санација на оштетените кровни површини на станиците и за санација на чуварските куќи.

- Набавка на лесни и тешки моторни возила – ЈП „Колекторски систем“ е новоформирано претпријатие кое по поделбата на МЈП „Проаква“ наследи три хаварисани возила. Во тековната година беа преземени активности со цел да се оспособат, меѓутоа возилата се во оштетена состојба и во моментов претпријатието располага со едно исправно возило. Самата дејност на претпријатието налага поседување на поголем број возила, како лесни (за вршење обиколка и контролирање на пумпните станици), така и тешки (за интервенции при дефекти, за извршување на посложени работни активности).

- Набавка на пумпи – нови потопни пумпи за спроведување на фекалната вода по должината на цевководот.

Изработил: В.Д Директор
- Мирчески Јовче Владимир Алексијоски

_______________________